СЛУЖБ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 12 јуни 1963

БЕЛГРАД

БРОЈ 23 ГОД. XIX

Цена на овој број е 60.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.

328.

Врз основа на членот 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 6/62, 11/62 и 4/63), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62, 29/62, 31/62, 40/62, 42/62, 46/62, 51/62, 53/62 и 12/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 18/63 и 20/63) во делот II во тар. број 81 даночната норма: „13%" се заменува со даночната норма „7%".

Во истиот тар. број во забелешката се додава нов став 2, кој гласи:

„Нормата од 7% ќе се применува од 1 јануари 1963 година."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузен извршен совет

Р. п. бр. 109
4 јуни 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

329.

Врз основа на членот 79 став 1 точка 1, во врска со членот 9 став 1 алинеја 3 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство на Федеративна Народна Република Југославија и сојузните органи на власта, со членот 11 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), и со чл. 4 и 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОТВОРАЊЕ АМБАСАДА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО УЛАН БАТОР — НР МОНГОЛИЈА

1. Се отвора Амбасада на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Улан Батор — Народна Република Монголија.

2. Државниот секретар за надворешни работи ќе преземе потребни мерки за извршување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузен извршен совет

Р. п. бр. 110
4 јуни 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

330.

Врз основа на членот 6 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД СТОПАНСКИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

1. Од средствата на стопанските резерви на федерацијата што се формираат според точката 5 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година ѝ се доделува на Социјалистичка Република Србија, преку сојузниот буџет за 1963 година, износ од 5.600 милиони динари на име помош. за отстранување на штетите предизвикани со поплава на почетокот на 1963 година, како и за давање кредити за обнова на уништените и оштетените станбени згради на подрачјата пострадани од поплава.

2. Расподелба на износот од 5.600 милиони динари на дел што ќе се користи за отстранување на штетите и на дел за давање кредити за обнова на уништените и оштетените станбени згради на подрачјата пострадани од поплава ќе изврши Извршниот совет на Социјалистичка Република Србија.

3. Делот што ќе биде определен за отстранување на штетите се доделува без обврска за враќање, а делот што ќе биде определен за давање кредити за обнова на станбените згради се дава во вид на кредити, со рок за враќање од 30 години во еднакви годишни рати и со интерес по нормата од 1% годишно.

4. Поблиски прописи за примена на оваа одлука ќе донесе Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 118
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
др **Миливој Рукавина**, с. р.

Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

331.

Врз основа на членот 14 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62) Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПОСЕБНИ КРЕДИТИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

1. Народната банка ќе ѝ одобри на Југословенската земјоделска банка посебен кредит до износот од 1.500 милиони динари, со рок за враќање од две години и со интерес по нормата од 1% годишно.

Средствата на кредитот од ставот 1 на оваа точка Југословенската земјоделска банка ќе ги употреби за давање кредити на земјоделските задруги и на другите земјоделски организации од подрачјата зафатени со поплави на почетокот на 1963 година во Социјалистичка Република Србија. Овие кредити Југословенската земјоделска банка ќе им ги одобрува на земјоделските задруги и на другите земјоделски организации со рок за враќање од две години и со интерес по нормата од 1% годишно.

Земјоделските задруги и другите земјоделски организации можат да ги користат средствата на кредитите од ставот 2 на оваа точка само за организирање на заедничко производство (кооперација) со индивидуални земјоделски производители, и тоа до височината на трошоците за повторна обработка и сеидба на земјоделските површини зафатени со поплави.

2. Народната банка ќе му одобри, преку Стопанската банка на Социјалистичка Република Србија, на резервниот фонд на Социјалистичка Република Србија (заедничките резерви на стопанските организации) посебен кредит до износот од 1.800 милиони динари, со рок за враќање од дванаесет години и со интерес по нормата од 1% годишно.

Средствата на кредитот од ставот 1 на ова точка ќе се употребат за давање санациони кредити на стопанските организации во Социјалистичка Република Србија кои се оштетени од поплави на почетокот на 1963 година, и тоа:

1) на земјоделските организации — до износот од 500 милиони динари;

2) на другите стопански организации — до износот од 1.300 милиони динари.

Овие кредити ќе им се одобруваат на стопанските организации со рок за враќање од дванаесет години и со интерес по нормата од 1% годишно.

3. Враќањето на кредитите одобрени според оваа одлука ќе се изврши во еднакви годишни рати.

4. Се овластува Сојузниот секретаријат за финансии, по потреба, да донесува поблиски прописи за спроведување на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 119
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р. Потпретседател, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

332.

Врз основа на членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА НАМЕНАТА НА СРЕДСТВАТА ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1963 ГОДИНА

1. Од средствата предвидени во сојузниот буџет за 1963 година во 5 дел 1 раздел партија 5-252 — Регреси и премии во областа на земјоделството, позиција 9 — Премии за гоење на добиток, се пренесува износ од 300 милиони динари во корист на посебната сметка на Сојузната управа за работите на ветеринарството број 101-12-637/66.

2. Средствата пренесени според точката 1 на оваа одлука Сојузната управа за работите на ветеринарството ќе ги користи исклучиво за покривање на трошоците настанати во акциите за отстранување на особено опасните заразни болести кај добитокот.

3. Упатство за користење на средствата од точката 2 на оваа одлука ќе донесе Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии и со Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 115
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р. Потпретседател, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

333.

Врз основа на членот 21 од Законот за сојузниот буџет за 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ЗАШТЕДИТЕ ВО ЛИЧНИТЕ РАСХОДИ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРЕТСМЕТКИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

1. Како заштеди во личните расходи во смисла на членот 21 од Законот за сојузниот буџет за 1963 година се сметаат заштедите остварени во средствата предвидени за плати во претсметките на одделни органи, што ќе настанат поради укинувањето на работни места или поради намалување на со претсметката утврдениот број на службениците поради престанок на работниот однос на службениците со одделни органи поради преместување, отказ или остварување на правото на лична пензија, или по некој друг основ, ако тие работни места не се пополнат со други службеници.

2. Од заштедите во средствата што ќе настанат во смисла на точката 1 од оваа одлука сојузните органи можат да користат 50% за расподелба на службениците.

Средствата што не ќе бидат распоредени во смисла на ставот 1 од оваа точка сојузните органи можат да ги ставаат на посебна сметка кај Народната банка и да ги користат во наредната година.

3. Преостанатите средства од 50% од заштедите сојузните органи се должни да ги уплатат кај Народната банка на посебна сметка на Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

4. Средствата на посебната сметка од точката 3 на оваа одлука можат да се користат за зголемување на положајните плати во сојузните органи, заради усогласување нивото на платите во тие органи.

Доделување на средствата на одделни органи во смисла на ставот 1 од оваа точка, ќе врши Сојуз-

ниот секретаријат за буџет и организација на управата.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 114
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

334.

Врз основа на членот 18 став 3 и членот 65 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62) и членот 129 став 3 од Законот за банките („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61, 30/62 и 53/62), по предлог од Народната банка, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА

1. Височината на задолжителната резерва што се должни деловните банки да ја држат во смисла на членот 18 од Законот за кредитните и други банкарски работи изнесува 30%.

2. Деловните банки не пресметуваат задолжителна резерва:

1) на средствата прибавени по пат на кредити од други банки;

2) на средствата на кредитниот фонд и на другите фондови на банките;

3) на средствата собрани по пат на орочени депозити, обврзници и благајнички записи.

Републичките банки не пресметуваат задолжителна резерва ниту на средствата на посебната задолжителна резерва што ја држат кај тие банки комуналните банки според републичките прописи.

3. Деловната банка што ги користи средствата на задолжителната резерва е должна на користениот износ на тие средства да ѝ плати пенали на Народната банка, и тоа: по нормата 0,3‰ (промили) дневно за време до седум дена, а за време над седум дена по нормата од 1‰ (промил) дневно.

Со наплатените пенали од оваа точка Народната банка постапува како со приход од наплатен интерес.

4. Одредбите од оваа одлука согласно ќе се применуваат и на пресметувањето на задолжителната резерва што ја држат комуналните банки кај републичките банки според републичките прописи.

5. Упатства за начинот и роковите за пресметување на задолжителната резерва издава Народната банка и тие се задолжителни за сите деловни банки.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/61 и 53/61).

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 121
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др Миливој Рукавина, с. р. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

335.

Врз основа на чл. 14 и 15 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62) и точката 17 од главата XII на сојузниот општествен план за 1963 година, во врска со членот 4 од Законот за регулирање на определени обврски од Општиот инвестиционен фонд („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ИНТЕРЕСНАТА НОРМА НА ПОСЕБНИТЕ КРЕДИТИ ЗА КОНЗЕРВИРАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ ДАДЕНИ ОД СРЕДСТВАТА НА ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД

1. Југословенската инвестициона банка ќе го пресметува интересот на посебните кредити што врз основа на членот 4 од Законот за регулирање на определени обврски од Општиот инвестиционен фонд ќе им ги одобри за конзервирање на изведените работи на инвеститорите од средствата на Општиот инвестиционен фонд, по нормата од 0,5% годишно.

Интересот од ставот 1 на оваа точка нема да се пресметува за времето додека трае конзервирањето на изведените работи, а најдолго за времето од две години.

2. Поблиски прописи за примена на оваа одлука ќе донесе, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 113
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

336.

Врз основа на точката 3 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ НЕ ВРШАТ ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФОНДОВИТЕ ВО 1963 ГОДИНА И КОИ МОЖАТ ДА ГИ КОРИСТАТ СРЕДСТВАТА НА ТИЕ РЕЗЕРВИ ИЗДВОЕНИ ВО 1961 и 1962 ГОДИНА

1. Комуналните стопански организации на градскиот сообраќај, водоводот, канализацијата и јавната чистота не вршат во 1963 година издвојување на задолжителната резерва на фондовите во смисла на членот 3 од Законот за установувањето на задолжителни резерви на фондовите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/61 и 52/61).

2. Стопанските организации од точката 1 на оваа одлука можат средствата на задолжителните резерви на фондовите издвоени во 1961 и 1962 година, што ќе преостанат по подмирувањето на обврските во смисла на точката 21 на Одлуката за спроведување на мерките на општата кредитна политика во 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/63), да ги користат во 1963 година за намените за кои ги користат средствата на својот деловен фонд.

3. Одредбите од оваа одлука ќе се применуваат на стопанските организации од точката 1 на оваа одлука ако републиката ги ослободи тие организации од обврската за издвојување на посебните задолжителни резерви на фондовите во 1963 година и ако на тие организации им одобри средствата на посебните задолжителни резерви издвоени во поранешните години да ги користат за целите предвидени со оваа одлука.

4. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука ќе донесе, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 116
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р. Потпретседател, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

337.

Врз основа на членот 9 од Законот за фондовите за ризици во трговските претпријатија за промет на земјоделски прехранбени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/63), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ ЗА РИЗИЦИ ВО ТРГОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

1. Во основицата за пресметување на средствата што трговско претпријатие ги внесува во фондот за ризици влегува вкупниот приход остварен со продажба на следниве земјоделски прехранбени производи:

1) зеленчук и овошје, вклучувајќи ги и шумските плодови;
2) свежо месо од сите видови;
3) живина и јајца.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 120
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р. Потпретседател, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

338.

Врз основа на членот 163 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ НА СТОКИ И ПАТНИЦИ ВО ЛИНИСКАТА ПЛОВИДБА

1. Стопанските организации запишани во регистар кај окружниот стопански суд за вршење работи на меѓународен транспорт на стоки и патници можат услугите за превоз на стоки и патници во линиската пловидба да ги вршат под условите и на начинот што се предвидени со оваа одлука.

Како линиска пловидба во смисла на ставот 1 од оваа точка се подразбира одржувањето на редовен меѓународен транспорт на стоки и патници помеѓу определените луки со утврдениот ред на пловидбата (поморска линија).

2. Стопанската организација може работите на меѓународен транспорт на стоки и патници на определена поморска линија да ги врши ако вршењето на овие работи, по претходно спроведено јавно наддавање, ѝ е доверено како на најдобар понудувач.

Работите на меѓународен транспорт на стоки и патници на определена поморска линија можат и заедно да ги вршат две или повеќе стопански организации ако врз основа на заедничка понуда и спроведено јавно наддавање им се довери вршењето на овие работи.

3. Условите на јавното наддавање за вршење на работите на меѓународен транспорт на стоки и патници на определена поморска линија и постапката за спроведување на јавното наддавање ги пропишува Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, во согласност со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, а по прибавено мислење од управниот одбор, Заедничкиот фонд за ризици на поморските и бродарските претпријатија на прекуморската пловидба (во понатамошниот текст: Заедничкиот фонд за ризици).

4. Јавното наддавање го спроведува управниот одбор на Заедничкиот фонд за ризици.

5. На кој понудувач, по спроведеното јавно наддавање, ќе му се довери вршењето на превоз на стоки и патници на определена поморска линија, решава Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски по претходно прибавено мислење од управниот одбор на Заедничкиот фонд за ризици.

6. Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски води регистар на поморските линии, во кој се запишуваат сите линии на кој се врши меѓународен транспорт на стоки и патници во линиската пловидба.

Стопанската организација на која ѝ е доверено вршењето на работи на меѓународен транспорт на стоки и патници на определена поморска линија е должна во регистарот на поморските линии да ја запише поморската линија што ѝ е доверена, и тоа во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за доверување вршењето на работите на меѓународен транспорт на патници и стоки на определена поморска линија.

7. По исклучок од одредбата на точката 2 од оваа одлука, Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, во согласност со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, може на стопанската организација запишана за вршење работи на меѓународен транспорт на стоки и патници во регистарот кај судот на нејзино барање да ѝ издаде привремено одобрување за вршење превоз на стоки и патници на определена поморска линија без претходно спроведено јавно наддавање.

Привременото одобрување не може да важи подолго од една година.

Без привременото одобрување стопанската организација од ставот 1 на оваа точка не може да врши превоз на стоки и патници на определена поморска линија.

8. Предлог за отворање нови поморски линии можат да поднесат заинтересираните стопански организации и заинтересираните сојузни органи на управата.

Предлогот му се поднесува на управниот одбор на Заедничкиот фонд за ризици.

9. Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, во согласност со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија може да определи одделна стопанска организација запишана за вршење работи на меѓународен транспорт на стоки и патници во регистар кај судот да е должна да врши превоз на стоки и патници на определена поморска линија, ако го бара тоа извршувањето на програмата на надворешнотрговската размена предвидена со општествените планови.

10. Стопанската организација на која ѝ е доверено вршењето на превоз на стоки и патници на определена поморска линија може да го запре превозот на таа линија само врз основа на одобрување од Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски дадено во согласност со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

Барањето за давање на одобрување за запирање на превозот стопанската организација е должна да го поднесе најдоцна на четири месеци пред намерувано запирање на превозот на определена поморска линија.

Ако органот од ставот 1 на оваа точка во рок од четири месеци од денот на поднесувањето на барањето не донесе решение за издавањето на одобрението, ќе се смета дека одобрението е дадено.

11. Стопанските организации кои до денот на влегувањето во сила на оваа одлука вршеле работи на меѓународен транспорт на стоки и патници на определени поморски линии, ќе го продолжат вршењето на овие работи, но се должни да ги запишат односните линии во регистарот од точката 6 на оваа одлука во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

12. Повредите на одредбите од точ. 2 и 6 став 2, точката 7 став 3, точ. 9, 10 и 11 на оваа одлука повлекуваат одговорност за стопански престап според членот 142 став 1 точка 11 и став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство.

13. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука ќе донесе, по потреба, Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, во согласност со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

14. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 112
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др Миливој Рукавина, с. р. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

339.

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за сојузниот буџет за 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ПРЕВОЗ НА СУПЕРФОСФАТИ ОД ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО

1. На стопанските организации што се занимаваат со производство на суперфосфати им се одобрува регрес на име делумно покривање на трошоците за превоз на суперфосфати од домашно производство.

2. Регресот се одобрува за сите количини на суперфосфати од домашно производство превезени од 1 јануари до 31 август 1963 година.

Како трошок за превоз се подразбира износот што го платил производителот на суперфосфати на име подвоз од местото на продажбата до истоварната станица на купувачот.

Регресот се одобрува на име делумно покривање на трошоците за превоз на суперфосфати ако просечниот подвозен став во структурата на продажната цена на производителот на суперфосфати за периодот од 1 јануари до 31 август 1963 година го надминува износот од 1.900 динари по тон. Регресот се исплатува во износот што го надминува просечниот подвозен став од 1.900 динари по тон, со тоа што така исплатениот регрес да може да изнесува најмногу 1.500 динари по тон.

3. Исплатата на регресот според оваа одлука се врши на товар на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1963 година за регреси за вештачки ѓубриња.

Пресметувањето на регресот се врши по истекот на рокот од точката 2 став 1 на оваа одлука. По барање од производителот на суперфосфати може да се изврши за првото полгодиште на 1963 година привремено пресметување на регресот.

4. Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии и со Сојузниот секретаријат за општи стопански работи, ќе донесе поблиски прописи за примена на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 123
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др Миливој Рукавина, с. р. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

340.

Врз основа на одредбата под 1 точка 1 од главата XVII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Одлуката за определување на највисоките продажни цени за одделни производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61, 12/61 и 53/62) во точката 1 одредбата 11 под а) се менува и гласи:

„а) тип „Ирак", „Соколовогорска", „Романска" и „Алжир" 21.000".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 111
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др Миливој Рукавина, с. р. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

341.

Врз основа на членот 13 став 1 од Уредбата за поставањето и работата на емисионите радиостаници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОСТАВАЊЕТО И РАБОТАТА НА ЕМИСИОНИТЕ РАДИОСТАНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за извршување на Уредбата за поставањето и работата на емисионите радиостаници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/60) во членот 2 став 2, членот 9 ст. 1 и 2, членот 10 ст. 1 и 2, чл. 11 и 16 став 1, членот 28 ст. 2 и 3, членот 30 став 2, чл. 40 и 41 став 5, членот 46 ст. 1 и 3, чл. 47 и 51 став 5, чл. 52 и 53 точ. 1 и 2 зборовите: „Управата за радиосообраќај" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот сообраќаен инспекторат", во соодветното членување.

Член 2

Во членот 17 по точката 4 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„4а) тип на предавателот (фабрички тип) и фабрикат;

4б) година на производството;".

По точката 11 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„11а) тежина на предавателот;

11б) димензии на предавателот;".

Член 3

Во членот 21 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а врз основа на општиот план за расподелба на обемот на фреквенциите по службите на радио-сообраќајот во Југославија (во понатамошниот текст: општиот план на фреквенциите).

Член 4

По членот 21 се додаваат седум нови членови, кои гласат:

„Член 21а

Општиот план на фреквенциите содржи расподелба на обемот на фреквенциите на одделни служби на радиосообраќајот во Југославија, во со-

гласност со одредбите од Меѓународниот правилник за радиосообраќајот.

На корисниците на радио-врски им се доделуваат фреквенции за емисиона радио-станица само во рамките на расположивите фреквенции предвидени во општиот план на фреквенциите за соодветната служба на радиосообраќајот.

Член 21б

Расподелбата на обемот на фреквенциите за потребите на Југословенската народна армија, Службата за безбедност и на Државниот секретаријат за надворешни работи ќе ја утврди со посебни планови Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, во спогодба со Државниот секретаријат за народна одбрана, со Сојузниот секретаријат за внатрешни работи и со Државниот секретаријат за надворешни работи.

Член 21в

Потребите од фреквенции на претпријатијата здружени во Заедницата на Југословенските пошти, телеграфи и телефони, Заедницата на Југословенските железници, Заедницата на Југословенското електростопанство и на заедниците на претпријатијата за патишта, како и потребите од фреквенции на органите на државната управа, установите, стопанските и други организации за радио-врски во областа на цивилното воздухопловство, поморството, информативната и хидрометеоролошката служба, мораат да се предвидат во перспективните програми за користење на фреквенциите (во понатамошниот текст: перспективните програми) засновани врз плановите за развој на нивните радио-служби.

Перспективните програми мораат да бидат меѓусебно ускладени и усогласени со општиот план на фреквенциите и со посебните планови од членот 21б на овој правилник.

Меѓусебното ускладување на перспективните програми и нивното усогласување со општиот план на фреквенциите и со посебните планови од членот 21б на овој правилник ќе го врши посебна стручна комисија (во понатамошниот текст: Комисијата) што ја формира Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски од редот на стручњаците од областа на сообраќајот.

Ако во Комисијата се расправува за плановите на одделни корисници на радио-врски, во работата на Комисијата учествува и нивен претставник како рамноправен член со право на одлучување.

Член 21г

Корисниците на радио-врски од членот 21в став 1 на овој правилник се должни да ги изработат своите перспективни програми и да ѝ ги поднесат на Комисијата заради меѓусебно ускладување и нивно усогласување со општиот план на фреквенциите и со посебните планови од членот 21б на овој правилник, на начинот и во роковите што ќе ги определи (Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски.

Комисијата е должна во рок од 90 дена од денот на приемот на перспективните програми да изврши нивно меѓусебно ускладување, како и нивно усогласување со општиот план на фреквенциите и со посебните планови од членот 21б на овој правилник, и да донесе одлука за тоа.

Член 21д

Ако поради промени настанати во меѓународните планови за расподелба на фреквенциите од Меѓународниот правилник за радиосообраќајот или од други причини се извршат измени во општиот план на фреквенциите и во посебните планови од членот 21б на овој правилник, ќе се извршат соодветни усогласувања на користењето на фреквенциите на емисионите радио-станици, како и потребни усогласувања и меѓусебни ускладувања на перспективните програми според настанатите промени согласно со одредбите од чл. 21в и 21г на овој правилник.

Член 21ѓ

Одлуката на Комисијата за усогласување на перспективните програми со општиот план на фреквенциите и со посебните планови од членот 21б на овој правилник и за нивното меѓусебно ускладување е задолжителна за корисниците на радио-врски во поглед на фреквенциите, силата на зрачењето и локацијата на емисионите радио-станици.

Заинтересираните корисници на радио-врски можат на одлуката на Комисијата да му поднесат приговор на Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски.

Приговорот не го задржува извршувањето на одлуката на Комисијата.

Ако Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, разгледувајќи ја одлуката на Комисијата во врска со приговорот, најде дека при усогласувањето на перспективната програма со општиот план на фреквенцијата не се земени предвид сите елементи, ќе ѝ го врати предметот на Комисијата со свои забелешки. Комисијата е должна да постапи по забелешките на Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски.

Ако Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски утврди дека Комисијата правилно ја усогласила перспективната програма со општиот план на фреквенциите, ќе го отфрли приговорот.

Член 21е

Користењето на фреквенциите на постојните емисиони радио-станици ќе се усогласи со општиот план на фреквенциите во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник, ако со општиот план на фреквенциите не се предвидени подолги рокови за одделни емисиони радио-станици или радио-служби."

Член 5

Членот 43 се менува и гласи:

„Соопштенија во внатрешниот и меѓународниот сообраќај во радио-телеграфските станици и во меѓународниот сообраќај во радио-телефонските станици можат да отпремаат и да примаат само лицата што имаат овластување за работа во тие станици.

Органот на управата во републиката надлежен за издавање на овластувањето за работа од ставот 1 на овој член ќе го издаде овластувањето ако утврди дека лицето што бара овластување има пропишана стручна спрема, стабилен нервен систем и неповреден орган на слухот потребен за вршење на работите за прием и отправање на емисии во радио-телеграфски и радио-телефонски станици."

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 111
31 мај 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за сообраќај и врски,
Марин Цетиник, с. р.

342.

Врз основа на членот 13 став 2 од Уредбата за поставањето и работата на емисионите радиостаници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАВАЊЕТО И РАБОТАТА НА АМАТЕРСКИТЕ РАДИОСТАНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за поставањето и работата на аматерските радиостаници („Службен лист на

ФНРЈ", бр. 33/59) во членот 4 бројот: „2/55" се заменува со бројот: „6/61".

Член 2

Во членот 6 во табелата на распоредот на фреквенциите се вршат следните измени:

1) под А:

под редниот број 4, броевите: „7050—7150" се заменуваат со броевите: „7050—7100",

под редниот број 12, броевите: „420—460" се заменуваат со броевите: „430—440";

2) под Г на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и на фреквентниот обем 29000—29700 kc/s од фреквентниот обем наведен под А под редниот број 10";

3) под Д броевите: „450—460" се заменуваат со броевите: „430—440".

Член 3

Членот 7 се менува и гласи:

„Максималната сила на излезниот степен на предавникот за одделни категории аматерски радиостаници може да изнесува:

1) кај аматерски радио-станици од I категорија до 250 W — за работа на сите фреквенции од фреквентните обеми предвидени за оваа категорија аматерски радио-станици во членот 6 во табелата за распоредот на фреквенциите под А;

2) кај аматерските радио-станици од II категорија до 50 W — за работа на сите фреквенции од фреквентните обеми предвидени за оваа категорија аматерски радио-станици во членот 6 во табелата за распоредот на фреквенциите под Б;

3) кај аматерските радио-станици од III категорија до 100 W — за работа на сите фреквенции од фреквентните обеми предвидени за оваа категорија аматерски радио-станици во членот 6 во табелата за распоредот на фреквенциите под В;

4) кај аматерските радио-станици од IV категорија до 25 W — за работа на сите фреквенции од фреквентните обеми предвидени во членот 6 во табелата за распоредот на фреквенциите под А под редните броеви од 11 до 16, а до 1 W — за работа на фреквенциите од фреквентниот обем 29000—29700 kc/s под услов емисијата да се врши со антена од кружно зрачење;

5) кај аматерските радио-станици за телекоманда до 1 W — за работа на сите фреквенции од фреквентните обеми предвидени за овој вид аматерски радио-станици во членот 6 во табелата за распоредот на фреквенциите под Д.

Како максимална сила на предавникот, во смисла на овој правилник, се подразбира производот на анодниот напон и на струјата на излезниот степен на предавникот."

Член 4

Во чл. 8 и 11 став 5, членот 12 ст. 4 и 5, членот 15 став 2, членот 23 ст. 1 и 2, членот 26 став 1, чл. 28 и 34 став 2 точ. 2 и 3, членот 39 став 2, членот 42 ст. 1 и 2, членот 44 став 4, членот 46 ст. 1 и 2, членот 47 став 2, членот 48 став 2, членот 49 точка 3, членот 50 точка 6, членот 51 точка 1 и членот 53 точ. 1 и 3 зборовите: „Управата за радиосообраќај" се заменуваат со зборовите: „органот на управата во републиката надлежен за издавање на дозволи за поставањето и работата на аматерските радио-станици", во соодветното членување.

Член 5

Во членот 11 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, во спогодба со Сојузот на радиоаматерите од Југославија, ги определува сериските броеви и основните склопови на буквите, според кои се составуваат повикувачките знаци за аматерските радиостаници во одделни републики. При определувањето на основните склопови на буквите мора да се води сметка да не дојде до определување на исти склопови на букви во две или повеќе републики, да се исклучи можноста за повторување на повикувачкиот знак во однос на веќе определените повикувачки знаци во која и да е република, како и комбинирањето на основните склопови на букви во повикувачкиот знак за аматерска радио-станица да биде такво да не мора определениот повикувачки знак да се менува во случај на преселување на аматерскиот радио-оператор од една во друга република."

Досегашните ст. 5 и 6 стануваат ст. 6 и 7.

Член 6

Во членот 24 зборовите: „Управата за радиосообраќај" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски".

Член 7

Во членот 26 ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Барањето за добивање на овластување за работа аматерскиот радио-оператор му го поднесува на органот на управата во републиката надлежен за издавање дозволи за поставање и работа на аматерски радио-станици, преку републичкиот одбор на Сојузот на радиоаматерите од Југославија.

Републичкиот одбор на Сојузот на радиоаматерите од Југославија е должен во рок од 10 дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член да му го достави тоа барање на органот на управата во република надлежен за издавање дозволи за поставање и работа за аматерски радиостаници."

Член 8

Во членот 28 зборовите: „преку Сојузот на радиоаматерите од Југославија" се заменуваат со зборовите: „преку републичкиот одбор на Сојузот на радиаматерите од Југославија".

Член 9

Во членот 35 став 2 зборовите: „Управата за радиосообраќај" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот сообраќаен инспекторат".

Член 10

Во членот 40 ставот 1 се менува и гласи:

„Радиодозволата ја издава органот на управата во републиката надлежен за издавање дозволи за поставање и работа на аматерски радио-станици врз основа на писмено барање, а во согласност со републичкиот секретаријат за внатрешни работи."

По ставот 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Органот на управата во републиката надлежен за издавање дозволи за поставање и работа на аматерски радио-станици е должен на крајот на секој месец да му доставува на Сојузниот сообраќаен инспекторат извештај за воспоставените и укинатите аматерски радио-станици во изминатиот месец.

Извештајот од ставот 3 на овој член мора да содржи: назив на радио-аматерската организација односно презиме и име на аматерскиот радио-оператор, нивна адреса, како и локација, категорија и повикувачки знак на нововоспоставената односно укинатата аматерска радио-станица."

Член 11

Во членот 41 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Кон барањето за добивање радиодозвола за клубска аматерска радио-станица мора да се приложи препис од решението на надлежниот орган на управата за внатрешни работи за одобрување на основањето и работата на радио-аматерскиот клуб."

Член 12

Во членот 42 став 1 зборовите: „Сојузот на радиоаматерите од Југославија“ се заменуваат со зборовите: „републичкиот одбор на Сојузот на радиоаматерите од Југославија“.

Во ставот 2 зборовите: „Сојузот на радиоаматерите од Југославија“ се заменуваат со зборовите: „Републичкиот одбор на Сојузот на радиоаматерите од Југославија“.

Член 13

Во членот 44 став 4 по зборовите: „барањето од“ се додаваат зборовите: „републичкиот одбор на“.

Член 14

По членот 47 се додава нов член 47а, кој гласи:

„Член 47а

Член на Сојузот на радиоаматерите од Југославија кој намерува да конструира или набави лична аматерска радио-станица, е должен да побара дозвола за поставање на лична аматерска радио-станица.

Дозволата за поставање на лична аматерска радио-станица може да се издаде со важност до 12 месеци. По истекот на овој рок, важењето на дозволата може да се продолжи но најмногу за понатамошни 12 месеци.

При издавањето на дозволата за поставање на лична аматерска радио-станица согласно се применуваат одредбите од чл. 39 до 47 на овој правилник.“

Член 15

Членот 57 се брише.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 636
31 мај 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за сообраќај и врски,
Марин Цетиник, с. р.

343.

Врз основа на членот 24 од Законот за регулирање платниот промет со странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 86/46, 46/51 и 5/54), Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ИЗНЕСУВАЊЕ И ВНЕСУВАЊЕ ДИНАРИ ВО ПАТНИЧКИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

1. Во Наредбата за изнесување и внесување динари во патничкиот промет со странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 50/56, 20/59 и 7/60) точката 1 се менува и гласи:

„1. Домашните и странските патници можат во патничкиот промет со странство да изнесуваат од Југославија динарски банкноти до износ од 1.500 динари а да внесуваат во Југославија до износ од 3.000 динари, и тоа во банкноти (апоени) од 100 динари и помали од 100 динари.“

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 3-9835/1
28 мај 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

344.

Врз основа на точ. 5 и 6 од Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 53/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ПРОДАДЕНИТЕ И ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ ОГРЕВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ШИРОКАТА ПОТРОШУВАЧКА

1. Во Наредбата за примена на Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини огревни материјали за потребите на широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 7/63) во точката 4 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Ако корисник на регресот им продава јаглен на потрошувачи што се наоѓаат надвор од местото во кое е седиштето на корисникот на регрес, корисникот на регрес има право во цената што служи како основица за пресметување на регресот на име трошоци за превоз и други зависни трошоци во транспортот да ги засмета тие трошоци до најблиската станица на местото во кое се наоѓа потрошувачот, наместо до најблиската станица на корисникот на регресот.“

Досегашниот став 3 станува став 4.

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 2070/1
27 мај 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за трговија,
Драгутин Косовац, с. р.

345.

Врз основа на членот 85 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63) и чл. 2 и 4 од Законот за формирањето на единствени стопански комори („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 22/62), претставниците на советите на Сојузната стопанска комора за трговија, надворешна трговија и земјоделство и прехранбена индустрија и на Главниот сојуз на земјоделските задруги на Југославија, на состанокот одржан на 16 мај 1963 година, постигнаа

ДОГОВОР

ЗА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА СЕМЕТО ОД ЛУЦЕРКА, ЦРВЕНА ДЕТЕЛИНА, СМИЛКИТА, ИНКАРНАТКА, КОНОП, ЛУПИНА И ЈАР ГРАОР ОД РОДОТ НА 1963 ГОДИНА

1. Стопанските организации што се занимаваат со промет односно преработка на семе од луцерка, црвена детелина, смилкита, инкарнатка, коноп, лупина и јар граор од родот на 1963 година можат семето од овие билки да го купуваат од земјоделските и други производителски организации и од земјоделските задруги по највисоката цена за 1 кг натурални стоки, и тоа:

	Динари
1) семе од луцерка, со чистота од 80% и со никулчавост од 85% — — — —	440
2) семе од црвена детелина, со чистота од 80% и со никулчавост од 85% — — —	380
3) семе од смилкита, со чистота од 80% и со никулчавост од 85% — — — —	275
4) семе од инкарнатка, со чистота од 80% и со никулчавост од 85% — — — —	210

Динари

5) семе од коноп, со чистотата од 90% и со никулчавост од 85%, а врз база од 14% влага — — — — — — — — — 180

6) семе од лупина, со чистота од 90% и со никулчавост од 85%, а врз базата на 14% влага — — — — — — — — 42

7) семе од јар граор, со чистота и никулчавост од 90% и со примеси на грашок за добиток од најмногу 5% — — — 84

Цените од точката 1 на оваа точка се подразбират франко натоварено во вагон односно друго превозно средство по избор на продавачот.

2. Овој договор е задолжителен согласно со одредбите на чл. 86 и 88 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани.

3. Овој договор влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 21-14443/1
6 јуни 1963 година
Белград

Сојузна стопанска комора

Потпретседател,
Ристо Бајалски, с. р.

346.

Врз основа на членот 86 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63) и чл. 2 и 4 од Законот за формирањето на единствени стопански комори („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62), претставниците на советите на Сојузната стопанска комора за трговија, за земјоделство и прехранбена индустрија и за надворешна трговија и на Главниот сојуз на земјоделските задруги на Југославија, на состанокот одржан на 16 мај 1963 година, постигнаа

ДОГОВОР

ЗА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА СВЕЖИ ВИШНИ (СЕВЕРНИ) ОД РОДОТ НА 1963 ГОДИНА

1. Стопанските организации што се занимаваат со промет односно преработка на вишни (северни) можат тие вишни од родот на 1963 година да ги купуваат од земјоделски и други производителски организации и од земјоделски задруги по највисоката цена од 80 динари за 1 kg нето-тежина свежи вишни.

2. Цената од точката 1 на овој договор се подразбира за вишна (северна) со квалитетот што им одговара на условите предвидени во југословенскиот стандард JUS E. B2. 038 од 1956 година, франко натоварено во вагон односно во друго превозно средство по избор на продавачот.

3. Овој договор е задолжителен согласно со одредбите од чл. 86 и 88 на Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани.

4. Овој договор влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 21-14442/1
6 јуни 1963 година
Белград

Сојузна стопанска комора

Потпретседател,
Ристо Бајалски, с. р.

РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 166 став 1 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57) и членот 79 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За помошник секретар на Сојузниот извршен совет се назначува Милорад Константиновиќ, член на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Б. бр. 59
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
др Миливој Рукавина, с.р.

Потпретседател,
Александар Ранковиќ, с.р.

Врз основа на чл. 27 и 28 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/56 и 44/57) во врска со чл. 9 и 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62) Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДРЖАВЕН ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

Од должноста државен потсекретар во Сојузниот секретаријат за финансии се разрешува Јосип Колар поради одење на друга должност.

Б. бр. 48
5 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
др Миливој Рукавина, с.р.

Потпретседател,
Александар Ранковиќ, с.р.

Врз основа на чл. 27 и 28 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/56 и 44/57) во врска со чл. 9 и 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДРЖАВЕН ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА БУЏЕТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА УПРАВАТА

За државен потсекретар во Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата се назначува Вуксан Љумовиќ, досегашен државен потсекретар во Сојузниот секретаријат за законодавство и организација.

Б. бр. 55
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
др Миливој Рукавина, с.р.

Потпретседател,
Александар Ранковиќ, с.р.

Врз основа на чл. 27 и 28 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/56 и 44/57) во врска со чл. 9 и 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДРЖАВЕН ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ТРГОВИЈА

За државен потсекретар во Сојузниот секретаријат за трговија се назначува Ѓуро Узелац, досегашен помошник секретар во истиот Секретаријат.

Б. бр. 56
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с.р. **Александар Ранковиќ**, с.р.

Врз основа на членот 166 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57), а во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА НАЧАЛНИКОТ НА УПРАВАТА ЗА ПЕРСОНАЛНИ РАБОТИ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За помошник на началникот на Управата за персонални работи на Сојузниот извршен совет се назначува Стево Вукадин, началник на Управата за персонални работи на Извршниот совет на Социјалистичка Република Хрватска.

Б. бр. 63
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 166 став 1 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57) и членот 4 од Уредбата за организација на Југословенската слободна зона во Солун („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/53), а во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА СЛОБОДНА ЗОНА ВО СОЛУН

Од должноста директор на Југословенската слободна зона во Солун се разрешува Јанко Влаху поради одење на друга должност во Социјалистичка Република Македонија.

Б. бр. 60
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с.р. **Александар Ранковиќ**, с.р.

Врз основа на членот 166 став 1 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57) и членот 4 од Уредбата за организација на Југословенската слободна зона во Солун („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/53), а во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА СЛОБОДНА ЗОНА ВО СОЛУН

За директор на Југословенската слободна зона во Солун се назначува Морис Шами, претседател на Советот за трговија на Стопанската комора на СР Македонија.

Б. бр. 61
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 166 став 1 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57) и членот 33 од Уредбата за оранизацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК ДИРЕКТОР ВО СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

За помошник на директорот на Сојузниот завод за статистика се назначува Драго Пуриќ, политички работник во ЦК на Сојузот на комунистите на Југославија.

Б. бр. 62
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 166 став 1 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57) и членот 11 од Уредбата за организацијата и работата на Царинската служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/63), а во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЦАРИНИ НА СФРЈ

За помошник директор на Управата за царини на СФРЈ се назначува Анте Доманџиќ, главен сојузен пазарен инспектор.

Б. бр. 57
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 166 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57) и членот 11 од Уредбата за организацијата и работата на царинската служба („Службен лист на ФНРЈ" бр. 4/63), а во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЦАРИНИ НА СФРЈ

За помошник директор на Управата за царини на СФРЈ се назначува Раде Галеб, досегашен сојузен народен пратеник.

Б. бр. 58
7 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с.р

Потпретседател, **Александар Ранковиќ**, с.р.

Врз основа на членот 3 од Законот за Сојузниот комитет за туризам („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/63), во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ

За членови на Сојузниот комитет за туризам се именуваат, и тоа:

1. Ристо Бајалски, потпретседател на Сојузната стопанска комора;
2. Благоје Богавац, државен потсекретар во Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски;
3. Анте Етеровиќ, помошник на сојузниот секретар за внатрешни работи;
4. Воин Гузина, помошник на државниот секретар за надворешни работи;
5. Мило Јовиќевиќ, помошник на генералниот секретар на Претседателот на Републиката;
6. Драгутин Косовац, сојузен секретар за трговија;
7. Душан Мариќ, генерален секретар на Туристичкиот сојуз на Југославија;
8. Томислав Мишевиќ, член на Секретаријатот на ЦК на Сојузот на младината на Југославија;
9. Исак Сион, вицегувернер на Народната банка на Југославија;
10. Миладин Шакиќ, генерален секретар на Постојаната конференција на градовите;
11. Андреј Вербич, претседател на Синдикатот на работниците на услужните дејности на Југославија; и
12 Никола Цуверовиќ, сојузен секретар за надворешна трговија.

Б. бр. 49
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с.р.

Потпретседател, **Александар Ранковиќ**, с.р.

Врз основа на членот 18 став 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63) во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА НАУЧНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

I. Во Сојузниот совет за координација на научните истражувања се именуваат, и тоа:

за претседател:

1. Авдо Хумо, член на Сојузниот извршен совет;

за генерален секретар:

2. др Иво Мариниќ, помошник на претседателот на досегашниот Сојузен совет за научна работа;

за членови:

3. др инж. Франц Адамич, вонреден професор на Биотехничкиот факултет во Љубљана;
4. др Радослав Анѓус, вонредан професор на Природноматематичкиот факултет во Белград и дописен член на Српската академија на науките;
5. Антон Боле, потпретседател на Сојузната стопанска комора;
6. инж. Мирјан Груден, редован професор на Електротехничкиот факултет во Љубљана;
7. инж. Миливој Хладник, директор на Хемискиот институт „Борис Кидрич" во Љубљана;
8. др Светомир Јауковиќ, помошник на сојузниот секретар за здравство и социјална политика;
9. Кемал Капетановиќ, редовен професор на Металуршкиот факултет во Зеница и директор на Институтот на Железарницата во Зеница;
10. др Бранислав Кујунџиќ, вонреден професор на Рударско-геолошкиот факултет во Белград и директор на Институтот „Јарослав Черни";
11. Милан Купрешанин, генерал-полковник на ЈНА, помошник на државниот секретар за народна одбрана;
12. Жељко Марковиќ, редовен професор на Природословниот факултет во Загреб и член на Југословенската академија на знаностите и уметностите;
13. Кирил Миљовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје;
14. др инж. Владимир Муљевиќ, вонреден професор на Електро-техничкиот факултет во Загреб;
15. Слободан Накиќеновиќ, секретар на Сојузната комисија за нуклеарна енергија;
16. Радослав Ратковиќ, вонреден професор на Високата школа за политички науки во Белград;
17. инж. Милорад Ристиќ, директор на Институтот за нуклеарни науки „Борис Кидрич" — Винча;
18. др Јаков Сиротковиќ, директор во Сојузниот завод за стопанско планирање;
19. др инж. Душан Величковиќ, редовен професор на Машинскиот факултет во Белград;
20. Јанез Випотник, сојузен секретар за просвета и култура; и
21. Јосип Змајиќ, директор на Сојузниот завод за меѓународна техничка соработка.

II. Во Сојузниот совет влегува и по еден претставник на републичките совети за научна работа.

Б. бр. 50
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с.р.

Потпретседател, **Александар Ранковиќ**, с.р.

Врз основа на членот 10 од Уредбата за Сојузниот завод за цени („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 46/62) во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ЦЕНИ

I. Во Советот на Сојузниот завод за цени се именуваат, и тоа:

за претседател:

1. Душан Богданов, потпретседател на Сојузната стопанска комора;

за членови:

2. Борисав Јовиќ, советник во Стопанската комора на СР Србија;
3. др Цвета Млакар, доцент на Економскиот факултет во Љубљана;
4 Милоје Николиќ, советник во Комисијата за стопански прашања на Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија;
5. др Богдан Пилиќ, доцент на Мишинскиот факултет во Белград;
6. др Милош Самарџија, вонреден професор на Правниот факултет во Белград;
7 инж. Александар Станојевиќ, директор на сектор во Сојузниот завод за статистика;
8. др Владимир Стипетиќ, вонреден професор на Економскиот факултет во Загреб;
9. др Јован Стојановски, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје;
10. Берислав Шефер, државен советник во Сојузниот завод за стопанско планирање; и
11. Михајло Вуковиќ, вонреден професор на Економскиот факултет во Сараево.

II. Во Советот на Заводот влегуваат два претставника на Сојузната стопанска комора.

III. Директорот на Заводот е член на Советот според својата положба.

IV. Мандатот на претседателот и членовите на Советот трае две години.

Б. бр. 52
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др Миливој Рукавина, с.р. **Александар Ранковиќ**, с.р.

Врз основа на членот 17 од Уредбата за Југословенскиот завод за физичка култура („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 12/63) во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЗАВОД ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

I. За членови на Советот на Југословенскиот завод за физичка култура се именуваат, и тоа:

1. Милан Ерцеган, генерален секретар на Југословенскиот сојуз на организациите за физичка култура;

2 Стеван Филиповиќ, самостоен советник во Југословенскиот завод за проучување на училишни и просветни прашања;

3. Марјан Фландер, член на Извршниот одбор на Југословенскиот сојуз на организациите за физичка култура;

4. Милена Гардашевиќ-Затезало, претседател на Одборот за одмор и рекреација при Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија;

5. Божо Јанковиќ, виш референт во Југословенскиот завод за физичка култура;

6. др Игњат Лукиќ, начелник на сектор во Сојузниот завод за здравствена заштита;

7. Драган Маршиќевиќ, референт во Југословенскиот завод за физичка култура;

8. Димитар Мирчев, член на Претседателството на Централниот комитет на Сојузот на младината на Југославија и претседател на Комисијата за оштествени организации;

9. др Недељко Новаковиќ, стручен соработник во Југословенскиот завод за физичка култура;

10. Бошко Поповиќ, потпретседател на Сојузот на организациите за физичка култура на Белград;

11. Милица Смиљаниќ, самостоен советник во Сојузниот секретаријат за просвета и култура;

12. Ивица Станојевиќ, виш стручен соработник во Југословенскиот завод за физичка култура;

13. Александар Стефановиќ, воен службеник на ЈНА; и

14. Бора Шолаја, уредник на спортската рубрика на органот на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија „Борба“.

II. Мандатот на членовите на Советот, што се именувани со ова решение, трае до формирањето на советот и управниот одбор на Заводот според чл. 6 и 9 од Уредбата за Југословенскиот завод за физичка култура.

Бр. бр. 53
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др Миливој Рукавина, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 19 од Законот за Високата школа за политички науки („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/60), во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ

I. За членови на Советот на Високата школа за политички науки се именуваат, и тоа:

1. Влајко Беговиќ, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Југославија;

2. Милојко Друловиќ, претседател на Идеолошката комисија на ЦК на Сојузот на комунистите на Србија;

3. др Драгослав Јанковиќ, редовен професор на Правниот факултет во Белград;

4. Трпе Јаковлевски, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Македонија;

5. Дује Катиќ, републички секретар за култура на СР Хрватска;

6. Милош Мацура, директор на Сојузниот завод за статистика;

7. Стево Маодуш, генерал-мајор на ЈНА;

8. Аким Микевиќ, секретар на Организационата комисија на ЦК на Сојузот на комунистите на Југославија;

9. Милка Миниќ, директор на Институтот за изучување на работничкото движење;

10. Франц Миртич, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Словенија и секретар на Комисијата за идеолошка работа на ЦК на Сојузот на комунистите на Словенија;

11. Богдан Осолник, директор и главен и одговорен уредник на листот „Комунист";

12. др Најдан Пашиќ, досегашен професор на Високата школа за политички науки;

13. Боро Принцип, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Босна и Херцеговина и претседател на Комисијата за кадри на ЦК на Сојузот на комунистите на Босна и Херцеговина; и

14. Будислав Шошкиќ, член на Извршниот комитет на ЦК на Сојузот на комунистите на Црна Гора и претседател на Идеолошката комисија на ЦК на Сојузот на комунистите на Црна Гора.

II. Во Советот влегуваат и членовите што ги избира наставничкиот совет од својата средина.

III. Во Советот влегуваат најмалку два члена што ги избираат од својата средина редовните студенти на школата.

IV. Директорот на Високата школа е член на Советот според положбата.

Б. бр. 51
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за основувањето и работата на Музејот на револуцијата на народите на Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/60) во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МУЗЕЈОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

I. Во Советот на Музејот на револуцијата на народите на Југославија се именуваат, и тоа:

за претседател:

1. Вељко Влаховиќ, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Југославија;

за членови:

2. Богдан Богдановиќ, доцент на Архитектонскиот факултет во Белград;

3. Петар Брајовиќ, генерал-потполковник на ЈНА, заменик на началникот на Военo-историскиот институт;

4. др Лепосава Цвијетиќ, доцент на Економскиот факултет во Белград;

5. Милка Чалдаревиќ, секретар на Комисијата на ЦК на Сојузот на комунистите на Босна и Херцеговина за историја на Сојузот на комунистите на Југославија;

6. Идрис Чејван, управник на Военото музеј на ЈНА;

7. Вељко Дракулиќ, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Хрватска;

8. Матија Малежиќ, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Словенија;

9. Драги Миленковиќ, член на Секретаријатот на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на борците на НОВ на Југославија;

10. Перо Морача, управник на одделение во Институтот за изучување на работничкото движење;

11. Милија Радовановиќ, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Србија;

12. Вуко Радовиќ, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Црна Гора;

13. Ѓорѓе Стојичиќ, член на ЦК на Сојузот на младината на Југославија;

14. Коњ Широка, член на Извршниот совет на Автономна Покраина Косово и Метохија; и

15. Петар Здравковски, член на ЦК на Сојузот на комунистите на Македонија.

II. Во Советот влегуваат и два члена што ги избира работниот колектив на Музејот од својата средина.

III. Директорот на Музејот е член на Советот според својата положба.

Б. бр. 54
4 јуни 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**; с.р. **Александар Ранковиќ**, с.р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

УРАДНИ ЛИСТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

„Урадни лист Људске Републике Словеније" во бројот 5 од 21 февруари 1963 година објавува:

Закон за градењето на инвестиционите објекти;

Закон за воведување на здравствена евиденција за определени категории лица;

Резолуција кон извештајот на Врховниот суд на НРС за општите проблеми на правосудството во НРС;

Препорака за задачите во областа на социјалното осигурување при преминот врз новиот систем на финансирање;

Одлука за определување највисоката граница до која смеат собранијата на комуналните заедници да ја определат нормата на основниот придонес за здравственото осигурување;

Одлука за определување највисоката норма на вонредните придонеси за покривање на кусоците во здравственото осигурување;

Одлука за определување на границите, групите односно подгрупите на организациите на кои може да им се определи додаден придонес за здравствено осигурување и додаден придонес за инвалидско осигурување;

Одлука за плаќање на придонесот за социјално осигурување за определени категории осигуреници;

Одлука за осигурување потребни дополнителни средства за фондовите на заедниците на социјалното осигурување;

Одлука за покривање на непокриените кусоци во фондот на долгорочните осигурувања на Републичкиот завод за социјално осигурување во Љубљана;

Одлука за ослободување на инвалидската работилница „Енотност" во Љубљана од плаќањето на придонесот за буџетите од личните доходи на работниците што и' припаѓа на НРС;

Одлука за разрешување судија на Окружниот стопански суд во Марибор;

Решение за потврда на статутарното решение за основање Рударски институт;

Решение за разрешување и именување претседател, секретар и членови на Комисијата на Извршниот совет за гранични прашања;

Решение за именување претседател и членови на Заводот за цени на НР Словенија;

Решение за именување претседател и членови на управниот одбор на Заводот за резерви на НРС;

Решение за именување претседател и членови на управниот одбор на Фондот за нестопански инвестиции на НРС;

Решение за разрешување и именување директор на Техничкиот музеј на Словенија.

Во бројот 6 од 28 февруари 1963 година објавува:

Одлука за потврда на статутот на Заедницата на осигурувањето за НРС во Љубљана;

Решение за објектите за производство на посадочен материјал што се заразени со опасни растениски болести и штетници;

Одлука за најмалиот износ на закопнината за осигурените лица;

Одлука за најмалиот износ на надоместокот на трошоците за храна и сместување на осигурените лица што се на пат и престојуваат во друго место.

Во бројот 7 од 14 март 1963 година објавуваат:

Одлука за делот што им припаѓа на општествените инвестициони фондови на НР Словенија и на одделни општина од дотацијата за инвестициите во областа на туризмот;

Одлука за употреба на средствата на Инвестициониот фонд на НР Словенија;

Одлука за посебниот додаток на алиментацијата на бабиците;

Решение за Заводот за унапредување на школството на НРС;

Решение за пренесувањето правата и доложностите на републичките органи спрема Болницата за душевни болести во Идрија врз Општинскиот народен одбор Идрија;

Решение за укинување Домот на управното училиште на НРС во Љубљана;

Решение за потврда на статутарното решение за дополнение и измена на статутот на Високата школа за политички науки во Љубљана;

Решение за потврда на статутарното решение за Институтот за стројарство при Машинскиот факултет во Љубљана;

Решение за составот на советот на Заводот за запослување на работниците.

Во бројот 8 од 28 март 1963 година објавува:

Закон за измена на Законот за подрачјата на околиите и општините во НРС;

Закон за уредување на градското земјиште;

Закон за утужување на побарувањата на здравствените заводи за здравствена помош и други здравствени услуги;

Закон за фондот за спречување и искоренување на детската парализа (полиомиелитис);

Закон за Музичката академија во Љубљана;

Закон за Академијата за театер, радио, филм и телевизија во Љубљана;

Закон за Академијата за ликовна уметност во Љубљана;

Резолуција за рехабилитација на инвалидните лица во Љубљана;;

Препорака за извршување на задачите на комуната и месните заедници во заштитата на децата;

Одлука за согласноста на финансискиот нацрт на Фондот на НРС за школство во 1963 година;

Одлука за разрешување судија на окружен стопански суд и судија на окружен суд;

Решение за именување членови на управниот одбор на Фондот на НРС за унапредување на производството и прикажување на филмови;

Правилник за постапката при давањето на инвестициони објекти и делови во изградба;

Правилник за техничкиот преглед на изградените инвестициони објекти;

Правилник за издавање на дозволи за градење на инвестициони објекти;

Наредба за измена и дополнение на Наредбата за дејностите што можат да се вршат како споредна дејност во угостителството;

Решение за определување на овластените инспектори за здравствена контрола на објектите за производство на посадочен материјал што ги определуваат органите на управата на општинските народни одбори надлежни за заштита на растенијата.

Во бројот 9 од 4 април 1963 година објавува:

Закон за Завршната сметка за извршување на Буџетот на НРС (Републичкиот буџет) за 1962 година;

Одлука за согласноста на Завршната сметка на Фондот на НРС за школство за 1962 година;

Одлука за определување аконтација на данокот на доход и на општинските локални даноци од земјоделството за II тримесечје на 1963 година;

Одлука за определување на инвестиционите објекти за кои ќе издава градежни дозволи Секретаријатот на Извршниот совет за индустрија и занаетчиство;

Решение за определување на органите кај кои ќе се врши проверувањето според членот 18 став 1 од Законот за измени и дополненија на Законот за јавните службеници;

Решение за ослободувањето и намалувањето на општествените такси на установите за правна помош;

Решение за потврда на Завршната сметка на Фондот на НРС за стамбена изградба за 1962 година;

Решение за разрешување и именување главен инспектор на Инспекцијата на железничкиот сообраќај при Заедницата на железничките претпријатија во Љубљана;

Наредба за минималните услови што мора да ги исполнува издавачко претпријатие ако освен со издавачка дејност се занимава и со други дејности.

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 5 од 15 февруари 1963 година објавува:

Закон за измени на Законот за урбанистичкиот план;

Закон за измена и дополнение на Законот за определување на градежните реони;

Закон за измени и дополненија на Законот за комуналната инспекција;

Закон за измени и дополненија на Законот за начинот и условите за основање и укинување училишта;

Закон за ставање вон сила на Законот за вишите економски комерцијални школи во Сараево и Бања Лука и на Законот за основањето на Виша економско-комерцијална школа во Брчко;

Закон за ставање вон сила на Законот за Вишата земјоделска школа во Бања Лука;

Одлука за измени на Одлуката за задолжително здружување во Околискиот општествен фонд за школство на околијата Сараево на делот од средствата на општинските општествени фондови за школство што произлегуваат од придонесот за општествените фондови за школство;

Одлука за потврда на одлуките за измени и дополненија на статутите на околиите Добој и Бања Лука и Одлуката на Народниот одбор на околијата Бања Лука за утврдување на органите на управата;

Упатство за документацијата што ја поднесуваат здравствените установи и заводите за социјално осигурување во арбитражната постапка;

Наредба за позволените средства и справи за вршење улов, за минималните мери за одделни видови риби и ракови. за ловостоите, за определување на риболовните води на кои може да се врши рибарство за стопански цели и за определување на риболовните води на кои е позволено плавење.

Во бројот 6 од 22 февруари 1963 година објавува:

Наредба за измени и дополненија на Наредбата за височината на трошоците на производството и прометот на големо на определени видови брашно;

Решение за утврдување списокот на стручњаците за вршење здравствена контрола на објектите за производство на посадочен материјал во 1963 година:

Програма за полагањето на испит на квалификувани и висококвалификувани работници на угостителската струка што стручната спрема ја здобиваат на практична работа во угостителските стопански организации.

Во бројот 7 од 1 март 1963 година објавува:

Уредба за стопанисување со шумите и шумските земјишта вон шумско-стопанските подрачја;

Уредба за отстапувањето изградбата на инвестициони објекти;

Уредба за основање Републички земјоделски инспекторат;

Одлука за измена на Одлуката за определувањето износот на основната помош и додаток поради неспособност за стопанисување на жртвата на фашистичкиот терор и на членовите на неговото семејство;

Решение за укинување Училиштето за болничари и медицински хигиеничари за возрасни во Мостар;

Решение за укинување Основното училиште за образование на возрасните во Ново Сараево;

Решение за укинување Училиштето на учениците во стопанството во Босански Шамац;

Решение за разрешување и назначување функционери на републичките органи на управата;

Програма за полагање на испитот за квалификувани и висококвалификувани работници од металската струка што стручната спрема ја здобиваат на практична работа во стопански организации.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 4 од 8 февруари 1963 година објавува:

Општествен план за стопанскиот развитак на Народна Република Македонија за 1963 година;

Закон за буџетот на Народна Република Македонија за 1963 година;

Закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување учеството на околиите и општините во заедничките приходи и висината на дотациите на околиите;

Одлука за највисоката граница на основниот придонес за здравствено осигурување за 1963 година;

Одлука за разрешување и избор на судии.

Во бројот 5 од 15 февруари 1963 година објавува:

Одлука за престанување со работа на Републичкиот одбор за собирање помош за настраданите семејства од елементарните непогоди во НР Македонија;

Решение за потврдување Одлуката за укинување на Институтот за студии и истражувања при Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје;

Решение за разрешување и именување членови на Републичката арбитражна комисија;

Решение за разрешување член на Републичката комисија за преглед на филмови и именување нов член.

Во бројот 6 од 22 февруари 1963 година објавува:

Одлука за престанување со работа на Републичката комисија за утврдување и проценка на штетата настаната од поплавите на територијата на Народна Република Македонија;

Решение за утврдување списокот на стручњаците за вршење здравствена контрола на објектите за производство на посадочен материјал во 1963 година.

Во бројот 7 од 1 март 1963 година објавува:

Одлука за определување на објекти од општ интерес за Републиката;

Одлука за распределување на средствата на сојузната дотација за инвестиции во туризмот;

Одлука за определување носител на кредитот од 7.090 милиони динари даден на НР Македонија од средствата на Општиот инвестиционен фонд наменети за унапредување развитокот на недоволно развиените подрачја;

Одлука за расподелба на средствата од кредитот од Општиот инвестиционен фонд наменети за унапредување развитокот на недоволно развиените подрачја;

Одлука за намената и условите за давање кредити за земјоделство од кредитот даден на НР Македонија од средствата на Општиот инвестиционен фонд наменети за унапредување развитокот на недоволно развиените подрачја;

Одлука за намените и условите за давање кредити за градежништво од кредитот даден на НР Македонија од средствата на Општиот инвестиционен фонд наменет за унапредување развитокот на недоволно развиените подрачја;

Одлука за намената и условите за давање кредити за угостителство и туризам од кредитот даден на НР Македонија од средствата на Општиот инвестиционен фонд наменети за унапредување развитокот на недоволно развиените подрачја;

Одлука за намената и условите за давање средства за стручното школство од кредитот даден на НР Македонија од средствата на Општиот инвестиционен фонд наменети за унапредување развитокот на недоволно развиените подрачја;

Одлука за распоредот на средствата од Републичкиот инвестиционен фонд наменети за сообраќај и определување условите под кои ќе се даваат кредити од тие средства;

Одлука за условите и начинот под кои ќе се даваат кредити од средствата на Републичкиот фонд наменети за индустрија и рударство;

Одлука за условите под кои ќе се даваат кредити од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд наменети за земјоделство;

Одлука за условите под кои ќе се даваат кредити од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд наменети за шумарство;

Одлука за условите под кои ќе се даваат кредити од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд наменети за градежништво;

Одлука за условите и начинот под кои ќе се даваат кредити од Републичкиот инвестиционен фонд наменети за трговија, угостителство и туризам;

Одлука за условите под кои ќе се даваат кредити за учество од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд наменети за занаетчиството.

Во бројот 8 од 8 март 1963 година објавува:

Решение за овластување на Одборот за организационо-управни прашања и на Секретаријатот за републички буџет и општа управа да одобруваат исплати од буџетска резерва по Републичкиот буџет за 1963 година;

Решение за образување угледни ловишта;

Решение за назначување помошник на секретарот во Секретаријатот за труд на Извршниот совет;

Решение за именување членови на привременио совет на Институтот за фолклор;

Решение за одобрување Правилата на Републичкиот општествен фонд за школство.

Во бројот 9 од 15 март 1963 година објавува:

Одлука за определување на објекти односно работи за изградба според нивната вредност;

Одлука за намената, условите и начинот под кои Кеесе даваат кредити од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд наменети за комуналните објекти и инсталации;

Правилник за условите за регистрација на организациите што се занимаваат со изработка на техничка документација за објекти на општествен стандард, стамбени згради и комунални објекти;

Упатство за спроведување на Одлуката за определување на повластица во јавниот меѓумесен линиски автобуски сообраќај.

Во бројот 10 од 22 март 1963 година објавува:

Одлука за финансискиот план за 1963 година на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството;

Резолуција за Извештајот на Извршниот совет за 1962 година;

Правилник за испитите на службениците на установите во областа на културата.

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 2 од 20 јануари 1963 година објавува:

Уредба за организацијата и работата на Советот за просвета и култура на НР ЦГ;

Уредба за основање Републички завод за цени;

Одлука за основање Комисија на Извршниот совет за извоз и увоз и за именување претседател и членови на Комисијата;

Решение за измена и дополнение на Решението за именување Републичка комисија за спроведување на прописите за расподелба на чистиот приход;

Решение за утврдување на списокот на стручњаците за вршење здравствена контрола на објектите за производство на посадочен материјал во 1963 година;

Упатство за начелата на организацијата на органите на управата на општинските народни одбори за работите на цените.

Во бројот 3 од 30 јануари 1963 година објавува:

Насочници за склучување договор за давање на здравствени услуги на осигурените лица;

Упатство за елементите за склучување на договор за давање здравствени услуги на осигурените лица;

Деловник на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците во Титоград.

Во бројот 4 од 8 февруари 1963 година објавува:

Извештај на Републичката изборна комисија за дополнителните избори за избор на двајца одборници на Општинскиот собор на Народниот одбор на општината Улцињ.

Во бројот 5 од 15 февруари 1963 година објавува:

Решение за систематизацијата на работните места во Секретаријатот на Советот за просвета и култура;

Решение за продолжување на вредноста на Решението за утврдување на листата на стручњаците за вршење надзор над стручната работа на здравствените установи, лекарите и другите здравствени работници во 1962 година за 1963 година;

Решение за овластување претседателите на судовите да назначуваат службеници во судовите;

Наредба за минималните услови што треба да ги исполнува издавачко претпријатие;

Исправка на Упатството за елементите за склучување на договори за давање здравствени услуги на осигурените лица.

СОДРЖИНА:

Страна

328. Уредба за измена на Тарифата за данокот на промет — — — — — — — — 473
329. Одлука за отворање амбасада на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Улан Батор — НР Монголија 473
330. Одлука за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за отстранување на последиците од поплавите во Социјалистичка Република Србија — 473
331. Одлука за одобрување посебни кредити за отстранување на последиците од поплавите во Социјалистичка Република Србија — — — — — — — — — — 474
332. Одлука за измена на намената на средствата во сојузниот буџет за 1963 година 474
333. Одлука за користење на средствата од заштедите во личните расходи предвидени во претсметките на сојузните органи — 474
334. Одлука за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка — — — — — — — — — — 475
335. Одлука за височината на интересната норма на посебните кредити за конзервирање на изведените работи дадени од средствата на Општиот инвестиционен фонд — — — — — — — — — — 475
336. Одлука за определување на стопанските организации кои не вршат издвојување на задолжителните резерви на фондовите во 1963 година и кои можат да ги користат средствата на тие резерви издвоени во 1961 и 1962 година — — — — — — 475
337. Одлука за утврдување на основицата за формирање средствата на фондовите за ризици во трговските претпријатија — — 476
338. Одлука за вршење работи на меѓународен транспорт на стоки и патници во линиската пловидба — — — — — — — — 476
339. Одлука за давање регрес за превоз на суперфосфати од домашно производство — 477
340. Одлука за измена на Одлуката за определување на највисоките продажни цени за одделни производи — — — — — — 477
341. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за извршување на Уредбата за поставањето и работата на емисионите радиостаници — — — — — — — — 477
342. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за поставањето и работата на аматерските радиостаници — — — 478
343. Наредба за измена на Наредбата за изнесување и внесување динари во патничкиот промет со странство — — — — 480
344. Наредба за дополнение на Наредбата за примена на Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини огревни материјали за потребите на широката потрошувачка — — — — — 480
345. Договор за највисоките цени на семето од луцерка, црвена детелина, смилкита, инкарнатка, коноп, лупина и јар граор од родот на 1963 година — — — — — — 480
346. Договор за највисоките цени на свежи вишни (северни) од родот на 1963 година 481

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓурић, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград